**Известување за концентрација со која Даимлер Трак Холдинг АГ Германија стекнува индиректна контрола над Бизнисот што се пренесува што се состои од одредени средства на Мерцедес-Бенц АГ (*Mercedes-Benz AG*)**

**(предмет бр. 08-158/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.10.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Даимлер Трак Холдинг АГ Германија, со седиште на Фасанвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија стекнува индиректна контрола над бизнисот со камиони и автобуси на застапништвото лоцирано во Штутгарт-Халшлаг, Германија**.**

Известувањето се однесува на одреден чекор од глобалната реорганизација на "наследната" групација Даимлер, што се случува по "Одвојувањето" на бизнисите за камиони и автобуси на Даимлер АГ (*Daimler AG*) (сега наречен Мерцедес-Бенц Груп АГ (*Mercedes-Benz Group AG*) ("МБГ")), предводени од Даимлер Трак АГ (*Daimler Truck AG*) ("ДТАГ"), на Даимлер Трак Холдинг АГ ("ДТХАГ", заедно со неговите поврзани субјекти "Групација ДТХАГ") и со тоа станува независен бизнис и групација од МБГ.

Конкретно, и како дополнителен дел од завршувањето на штотуку опишаното Одвојување, Известувањето се однесува на преносот на бизнисот со камиони и автобуси на застапништвото лоцирано во Штутгарт-Халшлаг, Германија ("Бизнисот што се пренесува"), во моментов дел од Групацијата МБГ, на ДТХАГ и со тоа да стане дел од новооснованиот застапник на ДТХАГ во Штутгарт-Фојербах.

ДТХАГ е акционерска корпорација управувана со законите на Германија со седиште во Штутгарт и обична холдинг компанија. ДТХАГ е крајниот стекнувач во концентрацијата за која се поднесува известување, што индиректно го стекнува Бизнисот што се пренесува од Мерцедес-Бенц АГ ("МБАГ"), претпријатие-ќерка во целосна сопственост на МБГ. Директниот стекнувач ДТАГ е акционерска корпорација управувана со законите на Германија со седиште во Штутгарт, Германија. ДТАГ е активна во бизнисот со камиони и автобуси и е фокусирана на производство и продажба на камиони и автобуси. Палетата на производи на ДТАГ за камиони вклучува лесни, средни и тешки камиони за долги растојанија, дистрибуција и транспорт на градилиште, како и специјални возила кои се користат главно за општински примени. Ниту ДТХАГ ниту ДТАГ немаат претпријатија-ќерки или средства во Северна Македонија.

Бизнисот што се пренесува се состои од бизнис со камиони и автобуси на застапништвото лоцирано во Штутгарт-Халшлаг, Германија. Не вклучува никакви друштва или средства во Северна Македонија, ниту, пак, е веројатно да има генерирано приходи во Северна Македонија во 2022 година.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување***.**

31.10.2023 година
Скопје